

***Очигледно, законите Л-2 и М биле направени да бидат против интересите на македонскиот народ. Дури и на невините Македонци кои заминале пред Граѓанската војна не им било дозволено да се вратат. Прашањето сега е: “Што планирала Грција да прави со Македонците?”***

Начинот на кој законските акти Л-2 и М биле применувани во текот на годините носи уште едно прашање: Ако нема Македонци кои живеат во Грција, како што тврди Грција, тогаш на која националност припаѓаат овие луѓе на кои грчката влада одбива да им дозволи да се вратат? Зошто грчкиот закон прави разлика помеѓу Македонци и Грци кога тоа им одговара на Грците, но не кога тоа им е од корист на Македонците?

До крајот на I947 година, насекаде беснееле битки и војната полека се приближувала на север во Македонија. Јасно е дека тоа било “грчка војна”, па, сепак македонското население повторно било вклучено во неа. Тешко вооружените грчки воени воздухопловни сили и механизираната артилерија стекнале контрола врз повеќето градови и главни патишта. Партизаните, буквално, биле фатени во стапица, но ги продолжиле своите стриктно дефанзивни походи од планините Вичо и Грамос.

Како што ситуацијата се доближувала до критичната точка, така двете страни ги засилувале своите регрутирачки кампањи од истото население. Партизаните не можеле повеќе да сметаат само на доброволци и започнале да регрутираат борци со сила и да го ангажираат секого што можеле да фатат, машко или женско.

Освен нивната улога да помагаат, сега жените ги вооружувале и им давале борбени задачи. Тие се бореле рамо до рамо со мажите против доброобучената, добродисциплинираната и тешко вооружена грчка војска. Таква била судбината на македонските жени, од кои најголемиот број биле земени сосила за да водат нечија туѓа војна.




РУСОМИР БОГДАНОВСКИ
ЛЕРИН
ПОЛИЊА ЖИТО, РИДИШТА КРВ
МУЗИКА: ЗЛАТКО ОРИЃАНСКИ
РЕЖИЈА: СЛОБОДАН УНКОВСКИ
ИГРААТ: СИМОНА ДИМКОВСКА , НАТАЛИЈА ТЕОДОСИЕВСКА, ИВАН
ПАВЛАКОВИЌ, СТЕФАН ВУЈИСИЌ, ВЛАДИМИР ПЕТРОВИЌ, ГОРАН
МАРТИН МАНЕВ



**СЛАВЕ КАТИН**